**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Ленче Тагасовска |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 30.06.2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**А. Почетна проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои се главните проблеми?**

Со Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација (Сл.весник на РМ бр.37/02, 89/08, 161/09 и 6/12), се уредува дека Република Македонија во текот на наредните дванаесет години ќе врши еднаш годишно по една емисија на обврзници за денационализација, за што во Законот се дава овластување на Владата на Република Македонија со одлука годишно да го утврдува износот на обврзниците што ќе се издаваат. Со издавањето на дванаесетатта емисија на обврзници за денационализација се опфатија сите правосилни решенија за денационализација заклучно со 31.12.2012 година. Меѓутоа, од вкупно поднесените 30.744 барања, 4.787 предмети се уште се во повторна постапка на одлучување. Со цел да се опфатат предметите за денационализација по кои се одлучува во повторна постапка, а за кои е потребно дополнително издавање на обврзници, потребно е зголемување на бројот на емисиите на обврзници за денационализација.

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

***Опција 1:*** Не прави ништо. Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline);

*Опција 2:* Донесување на упатство или друг акт со кој ќе се даде насока за подобро спроведување на законот; и

*Опција 3:* Донесување на Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација. Основно решение што се предлага со законот е зголемување на бројот на емисии на обврзници за денационализација од дванаесет на четиринаесет емисии.

**3.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

А. Органи на државната власт:

-Министерство за финансии

Б. Јавноста:

- лицата на кои во процесот на денационализација како надоместок им се доделени обврзници

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Достапни се следните податоци:

Бројот на решени предмети до април 2013 година и бројот на предмети кои се во повторна постапка на одлучување добиени од Комисијата за координација на работата на комисиите кои одлучуваат по барањата за денационализација.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Потребни се следните податоци:

Нема потреба од дополнителни информации

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Нема да се формира меѓуресорска група, проценката на влијанието за Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација ќе се прави од вработените на Министерството за финансии.

<u>В. Временска рамка</u>

1. **Кога ќе почнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

   Активностите за РИА ќе почнат во мај 2013 година.

2. **Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитичките студии, собирање информации итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

Надворешни консултанти нема да бидат вклучени при подготовка на Предлог законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација .

3. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат донесени до Генералниот секретаријат?**

   јуни 2013 година

<u>Г. Ресурси</u>

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?**

За спроведување на РИА-та ќе се вклучат претставници од Министерството за финансии.

За спроведување на потребните анализи не се планирани дополнителни финансиски ресурси.